**20220670780**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за личното име (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1278/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ (*)

Член 1

Во Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија“ број 8/1995, 66/2007, 103/2008, 51/11, 154/15, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20), во член 7 во ставот 1 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Барањето со потребната документација може да се поднесе и во електронска форма преку квалификувана електронска препорачана достава со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Доказите од ставот 2 на овој член, кои може да се прибават од Централниот регистар на население или од друг надлежен орган, Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Ставот 3 станува став 4.

Во ставот 4 кој станува став 5 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кое може да се донесе и во форма на електронски документ кој се доставува и на профилот на подносителот на барањето на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр. 32014R0910

областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Ставот 5 станува став 6.

Во ставот 6 кој станува став 7 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат зборовите: „преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Член 2

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија“ број 8/1995, 66/2007, 103/2008, 51/11, 154/15, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година